


# МОНИТОРИНГ БРИФ

## Правосудство:
## Актуелни судски постапки

**Коалиција „Сите за правично судење“**

Ул. Македонија 11/2-10
Скопје, 1000

00 389 2 6139874
contact@all4fairtrials.org.mk

Јануари, 2019

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Тимот на Коалиција „Сите за правично судење“

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

### „27ми април“ КОК-40/18

Рочиштето на 15.01.2019 година се одложи поради тоа што сеуште не се правосилни решенијата по жалба од Апелациониот суд Скопје по однос на амнестијата.

Рочиштето на 21.01.2019 година се одложи поради тоа што сеуште се водат постапки по жалба пред Апелациониот суд Скопје по однос на амнестијата.

На 31.01.2019 година се одржа рочиштето по овој предмет на кое што јавниот обвинител изврши прецизирање на обвинителниот акт и ги даде своите завршни зборови.

### „Тендери“ КОК-64/17

На 15.01.2019 година се одржа рочиште на кое што продолжи постапката во фаза на изведување на докази, беа испитани 2 сведоци предложени од специјалното јавно обвинителство.

На 25.01.2019 година продолжи доказната постапка, беа испитани 2 сведоци предложени од страна на специјалното јавно обвинителство.

### „ТНТ“ КОК-53/17

На 16.01.2019 година продолжи постапката со изведување на докази на специјалното јавно обвинителство. Беа прочитани исказите на 2 сведоци дадени во истражна постапка поради тоа што едниот сведок е починат, а другиот е надвор од државата и не е достапен. На рочиштето исказ даде и оштетениот.

На 24.01.2019 година доказната постапка продолжи со презентирање на материјалните докази на специјалното јавно обвинителство, исто така беше испитано и едно вешто лице.

### „Транспортер“ КОК-30/17

На 17.01.2019 година се одржа рочиште на кое што продолжи доказната постапка, беше презентирана 1 аудио снимка и беа изведени 702 материјални докази од страна на специјалното јавно обвинителство.

### „Монструм“ КОК-66/17

На 17.01.2019 година продолжи доказната постапка каде беа констатирани претходните записници кои содржат искази дадени на претходните главни претреси. За изведување на доказите прибавени со ПИМ мерки беше исклучена јавноста, а не беше дозволено ниту присуство на набљудувач од Коалицијата како стручна јавност.

### „Насилството во општина Центар“ К-1904/16

На 18.01.2019 година продолжи доказната постапка со изведување на 2 аудио снимки и материјални докази предложени од страна на специјалното јавно обвинителство.

### „Миленко Неделковски“ К-1816/18

На 17.01.2019 година започна судењето каде што обвинет е новинарот Миленко Неделковски, беше изнесена содржината на обвинителниот предлог, обвинетиот се произнесе по однос на вина и започна доказната постапка со изведување на материјалните докази предложени од јавното обвинителство.

### „Топлик“ КОК-57/17

На 21.01.2019 година беше испитан 1 сведок предложен од страна на специјалното јавно обвинителство.

### „Титаник 3“ К-1905/17

Рочиштето на 22.01.2019 година се одложи поради процесни барања од страна на странките за кои судот треба да одлучи.

На 24.04.2019 година рочиштето беше одложено поради тоа што судот сеуште праи напори за да го пронајде сведокот што е предложен од двете странки.

### „Тамара“ К-930/18

На 23.01.2018 година продолжи доказната постапка со изведување на материјалните докази на одбраната.

### „Титаник 2“ КОК-62/17

Рочиштето на 23.01.2019 година се одложи поради тоа што потребно е време за вештачењето да се преведе на албански јазик.

Рочиштето на 29.01.2019 година се одложи поради отсуство на обвинет.

### „Титаник“ КОК-7/18

На 22.01.2019 година се одржа рочиште на кое што продолжи доказната постапка со изведување на материјалните докази кои што се предложени во листата на докази со обвинителниот акт.

### „Трезор“ КОК-60/17

На 25.01.2019 година на одржаното рочиште, специјалното јавно обвинителство побара исклучување на јавноста при испитување на сведокот согласно член 354 од ЗКП. Судот донесе решение јавноста да биде исклучена. На набљудувач од Коалицијата му беше дозволено да присуствува како стручна јавност.

### „Маџар Телком“ К-817/11

На 25.01.2019 година се одржа главен претрес по овој предмет, судот донесе решение за судење во отсуство за 3 обвинети, рочиштето продолжи со распит на еден сведок.

**„Шпион“ КОК-99/16**

Рочиштето на 29.01.2019 година беше одложено по барање на одбраната.

**„Мариглен“ К-1271/16**

Рочиштето на 30.01.2019 година се одложи поради отсуство на јавниот обвинител и бранителот во постапката.

**„Тарифа“ КОК-51/17**

Рочиштето на 30.01.2019 година се одложи поради тоа што дел од доказите не беа преведени на македонски јазик.

**„Траекторија“ КОК-52/17**

На рочиштето на 30.01.2019 година се изведуваа смс пораки на обвинетите како докази на специјалното јавно обвинителство.

**„Таргет/Тврдина“ КОК-47/17**

На 31.01.2019 година продолжи доказната постапка со испитување на 1 сведок вкрстено од одбраната и обвинетите.